4 јуни – Меѓунатоден ден на деца жртви на насилство

4 јуни е меѓународен ден прогласен за децата жртви на насилство. Оваа одлука ја донеле на итна специјална седница на Генералното собрание на ООН на 19 август 1982 година.

Насекаде низ светот има голема злоупотреба на деца. Преку 2 милиони се убиени во воени конфликти, многу деца бегалци се малтретирани физички и психички. А многу деца умираат и како резултат на семејното насилство. За жал многу деца умираат и од глад. Многу болка и страдање е нанесено на многу деца.

Светот се залага за оваа појава да се искорени и децата да се згрижени и да имаат безгрижно детство. УНИЦЕФ е организација која ги штити правата на децата. Како во светот така и во Македонија има организации за борба против насилството врз децата. Тука е Црвен Крст, а се разбира и детската амбасада "Меѓаши".

Но за да престане насилството врз невините деца потребно е сите да се вклучиме и да не молчиме пред насилството. И затоа 4 јуни постојано нека не потсетува да не заборавиме на децата – најголемото богатство на светот.

Николина Трајковска IXa